

# КОНЦЕРТ

Марија Муратовска Наумовска

сопран

Елена Атанасовска Ивановска

пијано

Програма

G. PUCCINI, F. LEHAR, R. STOLZ, O. STRAUSS

4 мај 2018, петок 20ч

НУЦК Театар „Јордан Х. К. Џинот“ - Велес

# ПРОГРАМА

## G. PUCCINI
MENTIA L'AVVISO
STORIELLA D'AMORE
SOLE E AMORE
E L'UCCELINO
MORIRE?
TERRA E MARE
CANTO D'ANIME

## F. LEHAR
"FRIEDERIKE"
"WARUM HAST DU MICH WACH GEKUST?!"

## R. STOLZ
"DER FAVORIT"
"DU SOLLST DER KAISER MEINER SEELE SEIN"

## O. STRAUS
"DER TAPFERE SOLDAT" - "KOMM, KOMM"

R. STOLZ
"SPIEL AUF DEINER GEIGE
DAS LIED VON LEID UND LUST"

МАРИЈА МУРАТОВСКА НАУМОВСКА позната наша сопранистка со меѓународна кариера. На оперската сцена дебитирала во улогата на Неда во "Pagliaci", потоа Микаела во "Carmen", Евридика во "Orfeus", настапувала во бројни вокално - инструментални дела со домашни и странски диригенти со Македонската Филхармонија, Балканска Филхармонија, Оркестарот на МОБ, Камерниот оркестар на Македонското радио, Камерниот оркестар "Света Софија", "Скопски Солисти", "Нишката Филхармонија", како и на "Охридско лето", "Дубровнички летни игри", "Мајски Оперски вечери ", "Денови на Македонска музика", "Интерфест Битола", "Скопско лето", "Струшка музичка есен", "Дани музике - Херцег Нови", "Сплитско лето", "Есенски музички свечености" и многу други.
На нејзиниот репертоар се Britten - "Illuminations", Pergolesi - "Stabat Mater", Bach - "Magnificat", Orff - "Carmina Burana", Mozart - "Requiem", Beethoven - Симфонија бр. 9, Vivaldi - "Gloria", Delibes - "Missa Breve" и др., како и рецитални програми (честопати и праизведби) како на домашни така и на странски композитори од сите епохи и стилови.
Гостувала на сцените на поранешна Југославија, Америка, Германија, Франција, Русија, Шведска, Албанија, Турција, Бугарија, Италија, Косово и др.
Добитник е на повеќе награди и признанија, како и на највисоката награда за интерпретација која и е доделена од Сојузот на композиторите на Македонија "Георги Божиков".
2017 год. Сојузот на Музичките уметници на Македонија и ја додели наградата "Златна Лира" за животно дело. Работи како редовен проф. на ФМУ. Нејзините студенти се добитници на награди, работат како солисти во МОБ или на оперските сцени низ Европа.

ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА ИВАНОВСКА е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Република Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Повеќепати имала соло настапи со Македонската Филхармонија и Камерниот оркестар на Музичката Младина на Македонија.
Бројни се концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „Интерфест Битола", „Денови на Македонска музика", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава: „Сараевска Зима" – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa" - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije"- Р.Србија, „Carniarmonie", „Нимус"- Р. Србија, „ДАМ фестивал"- Приштина, Косово и др.
Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала низ цела Македонија и надвор од неа: Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово.
Активно соработува со неколку уметници од Македонија, меѓу кои вредно е да се споменат проф. м-р Гордана Јосифова - Неделковска, обоа, пијано дуото со проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. м-р Марија Муратовска - Наумовска, сопран, проф. д-р Горан Начевски, баритон и Ристо Ѓоревски- кларинет.
Во 2015 година имаше успешен настап во Москва, каде настапи како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Балшој Театар", а по покана од музичкото училиште „М. Балакирјев", беше член на жири на 11-от Фестивал за Славјанска музика, во категорија пијано.
Во моментов работи како доцент по корепетиција и практика на Факултетот за музичка уметност- Скопје.